ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 8 ОКТОМВРИ 2020

**ТОП ВЕСТИ:**

- Отчет на градоначалникот Трајковски
- 800 илјади евра за реконструкција на улици во Делчево
- Наставата во Делчево без проблеми
- Делчево изработува Стратегија за ЛЕР 2021-25

## Отчет на градоначалникот Трајковски




За три години реализирани сите капитални проекти: Изграден пешачки мост на р.Брегалница; улици во нас. Басарица и фекална канализација до с.Полето; атмосферска канализација во нас. Милково Брдо; изградена и опремена градската капела; подготовки за изградба на современ градски пазар; изградена и реконструирана патна инфраструктура во должина од 18 км.

THE WORLD BANK

800 илјади евра за реконструкција на улици во Делчево



Наставата во Делчево без проблеми



Делчево изработува Стратегија за ЛЕР 2021-25

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Отчет на градоначалникот Горан Трајковски: Реализирани капиталните проекти



Три години заедно работиме за да го изградиме Делчево-подобро место за живеење и на истекот од тригодишниот мандат можам слободно да истакнам дека работевме посветено, одговорно и максимално вложувајќи се во решавањето на многу отворени прашања од сите сфери на живеењето, често ставани „под тепих“ од моите претходници и, успеавме да одговориме на круцијални прашања во Делчево, ги реализиравме сите ветени капитални инвестиции, изградивме патна инфраструктура на територијата на Општина Делчево во должина од над 18 км, решивме децениски проблеми со кои го подобруваме квалитетот на животот.

Ова го истакна градоначалникот Трајковски на прес-конференцијата одржана по повод отчетот на работата на локалната власт, на која зборуваше за реализираните проекти, соработката со Советот на Општина Делчево и подобрувањето на ефективноста на општинската администрација. При тоа истакна дека актуелната здравствена криза не влијаеше на реализацијата на капиталните проекти.

-Новите услови на работа, пренасочување на вниманието и на приоритетите кон обезбедување безбедни услови за работа, кои подразбираа редовни дезинфекции на објектите на Општината, улиците во градот и селата, јавните површини и објекти, како и најклучното, обезбедување безбеден воспитно-образовен процес во училиштата и во градинката, не влијаеја врз реализацијата на проектите, напротив со добра организација, сметам дека одговоривме на сите предизвици. Изразувам благодарност кон сите кои се вклучија во донаторските акции, кои помагаа со средства, но и со хуманитарна помош на семејствата кои живееја во социјален ризик, но и помогнаа за набавка и дистрибуција на потребните дезинфициенси и маски за лице кои транспарентно се делеа по институции и месни заедници. Посебно оддавам почит и благодарност на нашите советници кои се откажаа од два советнички паушали со цел да се помогне на Општината за набавка на потребните средства за превенција од заразата, а донесовме и одлука со која ги ослободивме од плаќање надоместок за користење јавна површина локалните кафулиња, ресторани, продавници, истакна Трајковски.

Отчет

# Отворена и услужна општина за сите- подобрена ефикасноста и транспарентноста

Отчет

Трајковски потенцираше дека во овие три години се создаваше *отворена и услужна општина за сите* и се подобруваше ефикасноста на општинската администрација.

-Одделението за урбанизам и заштита на животната средина, каде со години чекаа предмети за решавање, ја подобри ефикасноста во донесување решенија за легализација на бесправно изградени објекти. Само во тековната година до октомври, се решени 243 предмети или за три години се решени вкупно 820 предмети, бројка на решени предмети многукратно зголемена од претходниот период, кога се решаваа по 50 предмети годишно. Во овој период од три години се издадени 90 одобренија или решенија за градење, а десетина се во постапка на одобрување. Во насока на отчетност и транспарентност во овој период имаме одговорено на 133 предметни барања за информација од јавен карактер, а со ставањето во функција на новата веб-страница, Општина Делчево во сите истражувања од релевантни иституции е рангирана високо и во веб-транспарентност и во буџетската транспарентност. На ова поле продолжуваме да работиме и понатаму, бидејќи цениме дека отчетноста и транспарентноста се важен инструмент за градење доверба кај граѓаните, тие треба да знаат како се трошат парите на граѓаните, истакна Трајковски.

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Отчет

# Скратени непродуктивните трошења

Во интерес за повеќе средства во Буџетот за капитални инвестиции, Трајковски потенцираше дека се скратени многу непродуктивни трошења.

-Овде ќе ја споменам и Одлуката која на моја иницијатива, беше поддржана од Советот на Општина Делчево, со која целата општинска администрација и јас како градоначалник, се откажавме од службените патни трошоци. И овде ќе потенцирам дека со поддршка на Владата и од сопствени приходи, вкупно сме вратиле 60 милиони денари стари наследени обврски. Исплативме 5 рати, или 5 милиони денари за доградбата на детската градинка, а на самиот почеток од мојот мандат исплативме околу 4, 5 милиони денари на име: заостанати обврски– паушали кон советниците, средства за пожарникарите, ги исплативме сите заостанати средствата од социјалната мерка за новороденчиња и редовно ги сервисираме денес, ги исплативме сите заостанати ученички стипендии, но и го зголемивме бројот и износот на стипендиите, а редовноста на исплатата на овие средства за мене е приоритет, рече Трајковски.

Во овие три години за стипендии и награди за талентирани ученици и за најдобрите 10 матуранти, се исплатени вкупно 1.54 милиони денари, или само за тековната 2020 г. се исплатени 513.000 денари; паричната помош за новороденчиња е исплатена во висина од 961.000 денари или 183.000 за тековната година; за еднократна помош се исплатени 1.4 милиони денари.

- Годинава воведовме нова мерка која значи помош на родителите кои имаат првачиња запишани во делчевските училишта. Имено, на секое прваче доделуваме еднократна парична помош од 3.000 денари. За реализација на проектите досега на име експропријација се исплатени околу 6,9 милиони денари или само за оваа година 1.7 милиони денари, рече градоначалникот Трајковски.

*-Несомнено, Делчево се движи напред. Инвестираме во подобрување на квалитетот на живеење во сите сфери и одговорно се носиме со сите предизвици и добиваме искрена и отворена поддршка од релевантни фактори во извршната централна власт, каде Делчево има добри пријатели кои се насочени да помогнат во развојот на нашето мало гратче на крајниот исток*, порача Трајковски.

## Реализирани проекти

Отчет




-Во тек е реконструкција на ул. „Маршал Тито“ од ресторан Трла до Таушанското маало (изградба на потпорни ѕидови и пропусти);
-Во тек е реконструкција на улицата „Вера Јоциќ“;
-Изградба на нова улица во населба СРЦ; Изградба на улици од 1 км во населба Басарица;
-Изградба на фекална канализација во населба Басарица-с.Полето;
-Атмосферска канализација во населба Милково Брдо; ( 12,9 мил ден.);
-Атмосферска канализација во населба „Басарица“
-Нова водоводна линија во нас. Басарица;
-Атмосферска канализација на улица во СРЦ;
-Атмосферска канализација на улица во населба Пролет;
-Изграден првиот пешачки мост на река Брегалница со придружни објекти;
-Изградена е градската капела; (6,9 мил ден);
-Финални подготовки за изградба на современ градски пазар; (обезбедени 14 мил ден);
-Рехабилитација на транзитниот булевар „Македонија“ во Делчево; (32.5 мил. ден);
-Рехабилитација на државниот пат А3 с. Ѕвегор-Граничен премин Делчево; (400.000 евра);
-Доизградба на локалниот пат Илиово-Турија, делница од с. Турија до с. Трстија; (4,8 мил ден);
Реконструкција на регионален пат Делчево-Бигла- Виница;
Рехабилитација на регионален пат Делчево-Пехчево;

Отчет

-Реконструкција на регионален пат Делчево-Бигла- Виница;
-Рехабилитација на регионален пат Делчево-Пехчево;
-Реконструкција на ул. „Светозар Марковиќ“;
-Реконструкција на ул. „Маршал Тито“;
-Реконструкција на ул „Питу Гули“; (Вкупно за трите улици 300.000 евра);
-Поставена сообраќајна сигнализација на реконструираните улици; (630.000 ден);
-Изградба на „Станбена улица 4“;
-Реконструкција на дел од ул. „Македонска“ во населбата Милково Брдо;
-Изградба на првата улица во населбата „Пролет“;
-Изградба на дел од улицата „Никола Јонков Вапцаров“ во центарот на Делчево;
-Изградена улица во селото Габрово;
-Реконструкција на крак од ул „Кеј на Брегалница“;
-Изградба на ул. „Илинденска“ со потпорни ѕидови; ( 2 мил ден);
-Изградба на ул. „Гоце Делчев“ и Пијанечка“ во с. Тработивиште;
-Изградба на улица во с. Разловци;
-Во тек е изградба на улица во с. Град;
-Изградба на пешачки патеки и тротоари;
-Изградба на крак на ул „Орце Николов“;
-Редовна санација и прочистување на пристапни патишта во селата;
-Во тек е изработка на нов ГУП на Делчево;
-Сертификат за општествена одговорност;
-Подобрена веб-транспарентноста и буџетската транспарентност на Општина Делчево;
-Поставени 2,5 тони активен јаглен прв пат и 18 тони кварцен песок; (11.000 евра);
-Набавка на машини и опрема во ЈКП „Брегалница“ во висина од 14 милиони денари;
-Изградба на нов парк-хортикултурно уреден на местото на стара дива депонија во центарот на Делчево.
-Во тек е реализација на големиот проект „Водоснабдување на Делчево“; (7,3 милиони швајцарски франци);
-Поставена нова дренажа со зафат на водата од река Ракитина во с. Разловци;
-Реконструкција на водоводна мрежа во с. Габрово;

# Отчет

-Изградба на фекална канализација во с. Полето;
-Изградба на фекална канализација во с. Стамер;
-Продолжување на фекалната канализација во с. Град;
-Изградба на потпорен ѕид во ул „Плачковица“;
-Изградба на пристапни патеки во Први Реон, с. Ѕвегор, с.Габрово, Стар Расадник, Градска капела;
-Набавка на канти за ѓубре и контејнери; (400.000 ден);
-За прв пат поставени садови за отпад во с. Разловци;
-Се грижиме за животната средина, се организираат редовни акции за - чистење на дивите депонии, се прошируваат зелените јавни површини, хортикултурно уредување на јавните површини, изградивме нов парк- хортикултурно уреден на местото на стара дива депонија во центарот на Делчево;
-Го јакнеме волонтеризмот-акција за почисто и поубаво Делчево;
-Замена на 760 улични светилки со лед светилки во Делчево и 7 населени места;
-Инвестиции во нови линии за улично осветлување и зголемување на бројот на улични светилки во сите населби во општината;
-Поставени фотоволтаични централи на три јавни објекти: административна зграда на Општина Делчево, ООУ „Ванчо Прке“ ООУ „Св.Климент Охридски;
-Набавка на опрема за лична заштита во ТППЕ;
-Во тек е набавка на ново противпожарно возило;
-Санација на просторните услови на просториите на ТППЕ;
-Зголемување на бројот и на износот на ученичките стипендии;
-Нова мерка-еднократна парична помош од 3.000 ден. на секое првачe во Делчево;
-Организирани обуки за ученици за напредни технологии, роботика и претприемништво;
-Во соработка со НВО-доделени 70 таблети на ученици кои живеат во социјален ризик;

Отчет

**СОУ „М.М.Брицо“**

-Изградена е енергетско-ефикасна фасада на СОУ „М.М.Брицо“; (2,4 мил ден);

-Опремена современа работилница за потребите на прехранбената струка во СОУ „М.М.Брицо“; (450.000 ден);

-Поставена е нова водоводна линија за потребите на големата спортска сала; (92.000 ден);

-Набавка на лаптопи и таблети за потребите на СОУ „М.М.Брицо“; (400.000);

**ООУ „Ванчо Прке“**

-Реконструкција на спортската сала и влезовите во ООУ „Ванчо Прке“; (2 мил ден);

-Изградба на дворна ограда на училиштето „Ванчо Прке“; (550.000 ден);

-Изработен основен проект за изградба на енергетско-ефикасна фасада на ООУ „Ванчо Прке“;

-Санација на подовите и монтирање ламинат во училниците во ПУ во с. Звегор;

-Замена на столарија-врати и прозорци во ООУ „Ванчо Прке“;

**ООУ „Св.Климент Охридски“**

-Во ООУ „Св.Климент Охридски“ во тек е постапка за изградба на дворната ограда на училиштето, вредност 1.2 милиони денари;

-Изработен е проект за адаптација на поткровјето на училиштето „Св.Климент Охридски“ и ставање во функција на образованието.

-Планирана замена на столаријата во ПУ во с. Траб진тивиште;

-Набавена ит-опрема за потребите на далечинското учење,

-Хортикутурно уредување и одржување на дворот на училиштето;

**ОЈУДГ „Весели цветови“**

-Целосна реконструкција на канализациската мрежа во делот на кујната до главниот одвод, реконструкција на кујната и набавка на кујнски апарати во ОЈУДГ „Весели цветови“;

-Реконструкција на кровот и дел од фасадата во ОЈУДГ „Весели цветови“;

-Подготовки за отворање градинка во други просторни услови, една занимална со придружни по закон простории во с.Разловци и во простор на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево;

-Набавени играчки и дидактички средства за сите воспитни групи, нишалки и релаксатори за бебиња во јаслите;

-Набавено е возило за дистрибуција на храна во ОЈУДГ „Весели цветови“; (Инвестиции во градинка 2,25 мил ден);

Отчет

**ЈЛБ „Илинден“**

-Воведување електронско издавање книги во ЈЛБ „Илинден“

-Во системот COBISS-електронско обработување и евиденција на книги, се внесени 13.000 наслови;

-Инвестиции во инвентар, полици, канцеларии, набавка на опрема за осовременување на условите за работа во ЈЛБ „Илинден“;

-Зголемен книжниот фонд на ЈЛБ „Илинден“ со нови наслови, набавена и црковна литература и литература за деца;

-Опремена современа читална на ЈЛБ „Илинден“;

**Култура и соработка со НВО**

-Организација на концерти и изложби во рамките на Делчевско лето;

-Организирана научна трибина по повод 1150 години од смртта на Кирил Филозоф;

-Мултифункционален центар во функција на граѓаните и на Советот на Општина Делчево;

-Опремена современа сала за склучување граѓански брак;

-Уредена и означена планинарската патека Голак-Виница, како и планинарската патека за Кукуљето во с. Нов Иственик;

-Поддршка на спортските клубови и на здруженијата на граѓани преку јавен повик и транспарентна поделба на средствата;

-Стратешки документи: Стратегија за родова еднаквост на општините Делчево, Берово и Пехчево, како и Акциски план на Општина Делчево; Стратегија за надворешна комуникација на Општина Делчево; Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор во Општината; Стратегија за социјална заштита, а во моментов работиме на Стратегија за ЛЕР за 2021-25 г.

-Сертификат за општествена одговорност;

-Доизградба на храмот „Св.Кирил и Методиј“(фасада и кров);

-Богато новогодишно украсување на Делчево;

-Активности за заштита на населението од ковид 19;

Совет на Општина Делчево

# Совет на Општина Делчево: усвоен Ребалансот на Буџетот за 2020 година



Советниците на 46 Седница на Советот ја усвоија Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година. Во Ребалансот кој претставува нов Буџет за годината, се извршени измени и дополнување на Буџетот на Општината, односно извршено е намалување на Буџетот од околу 14,8% и вкупниот буџет ќе изнесува 301.439.700 денари.

Намалувањето на вкупниот Буџет на Општината со измените и дополнувањата е за 52.628.411 ден. и тоа намалување на Основниот буџет за 32.204.000 ден., или 29%, незначително намалување на буџетот на дотации за 318.211 ден., намалување на буџетот на донации за 14.490.200 ден. или 32% и намалување на буџетот на кредити за 5.616.000 денари или за 17,4%. Во буџетот на самофинансирачки активности нема измена.

На 46 Седница советниците донесоа Одлука за утврдување на цената на висината на надоместокот за користење на мртовечницата со ладилник (капела) на градските гробишта Делчево, донесена од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево. Согласно Одлуката, висината на надоместокот за користење на мртовечница со ладилник (капела) на градски гробишта Делчево, се утврдува во износ од 2.000,00 денари.

Пред советниците беа и предлог-одлуките за измена на Годишниот план за вработување на ЈЛБ „Илинден“, за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица, како и одлуките за стипендии на ученици и студенти од Делчево. Исто така, на Дневен ред беа и повеќе одлуки од областа на урбанистичкото планирање.

# Општина Делчево и годинава ќе додели 28 стипендии на средношколци и студенти

Совет на Општина Делчево



На 46 Седница на Советот на Општина Делчево, советниците ги донесоа одлуките за студентски и ученички стипендии. Согласно со одлуките и годинава Општина Делчево ќе додели 28 стипендии на ученици и студенти во 4 категории.

Во првата категорија ќе се доделат 10 стипендии кои се однесуваат на ученици од 2, 3 и 4 година кои учат во СОУ „М.М. Брицо" и се со континуиран одличен успех од 4,50 до 5,00 чии родители се невработени, со ниски месечни примања или социјални случаи. Опфатот на стипендиите се зголеми од 6 на 10 ученици, а износот на една стипендија е 1000 денари за период од 9 месеци во текот на учебната година.

Во втората категорија ќе се доделат 8 стипендии на ученици од 2, 3 и 4 година кои учат во СОУ „М.М.Брицо" и се со континуиран одличен успех од 4,50 до 5,00, а во претходната учебна година освоиле најмалку една награда во поединечна категорија за освоено 1, 2 или трето место на државни или регионални натпревари. И во оваа категорија е зголемен бројот на ученици кои ќе добиваат месечно по 1,500 денари за период од 9 месеци.

Општина Делчево ќе додели 6 стипендии на редовни студенти од сите студиски години, освен I (прва) кои студираат на државните универзитети во РСМ кои ги исполнуваат условите: да се редовни студенти и со континуиран успех над 8,00 кои не повторувале во текот на студирањето, студенти чии родители се невработени со ниски месечни примања или приматели на социјална помош, студентите да се жители на Општина Делчево. Предност ќе имаат студентите кои не се корисници на друга стипендија или кредит од друга институција. Стипендијата е во висина од 2.000 денари месечно, а ќе се доделува во период од 9 месеци.

Исто така, Општина Делчево ќе додели 4 стипендии на редовни студенти од сите студиски години, освен I (прва) кои студираат на државните универзитети во РСМ и кои постигнале особено висок успех во студирањето, кои ги исполнуваат следните услови: да се редовни студенти од техничките науки и медицинските науки од сите студиски години, освен I (прва), со континуиран успех од најмалку 8,00 и кои не повторувале во текот на студирањето, како и редовни студенти од општествените науки и факултетите од уметностите од сите студиски години, освен I (прва), со континуиран успех од најмалку 9,00 и кои не повторувале во текот на студирањето. Еден од условите е и студентите да се жители на Општина Делчево, а предност ќе имаат студентите кои не се корисници на друга стипендија или кредит од друга институција. Стипендијата изнесува 3.500 денари месечно, а ќе се доделува 9 месеци.

Општина Делчево во наредниот период ќе формира Комисија која ќе ги изгради критериумите и ќе распише конкурс за доделување стипендии.

# Околу 800 илјади евра за реконструкција на улици

Актуелности

Во рамки на „Проектот за поврзување локални патишта во РСМ” кој се реализира од Министерството за транспорт и врски со финансиска поддршка од Светска Банка, а со цел подобрување на локалната патна инфраструктура, на Општина Делчево се доделени 781.714,36 евра.

Во рамките на овој проект, Општина Делчево во првата фаза аплицираше за реализација на подпроектите: реконструкција на ул „Орце Николов“ во должина од 500 м. со изградба на тротоари, реконструкција на ул. „Скопска“ во должина од 250 м. со изградба на тротоари, реконструкција на дел од ул „Острец“ во должина од околу 100 м. со изградба на потпорен ѕид и тротоари, како и изградба на стариот локален пат Делчево -Работивиште во должина од 5,3 км заедно со инсталирање систем за одводнување со отворен канал и пропусти.

Реконструкцијата на овие улици ќе придонесе кон значително подобрување на состојбата со патната инфраструктура во Општината, решавање клучни проблеми, а секако и подобар квалитет на животот на граѓаните, бидејќи станува збор за улици кои се доста фреквентни. Покрај општествената одговорност, проектот има за цел подобрување на пристапот на граѓаните до услугите и објектите од јавен интерес, како и зголемување на мобилноста и безбедноста во сообраќајот.

Актуелности

# Градската капела дадена на користење на ЈКП „Брегалница“









Комисија составена од претставници од Општина Делчево, како и комисија од ЈКП „Брегалница“ изврши примопредавање за користење на објектот, градска капела. Како што истакнаа од ЈКП „Брегалница“ по завршување на административната процедура и утврдување на протоколот за работа на капелата , таа ќе биде ставена во функција.

На последната Седница на Советот, беше утврдена и висината на цената за услуги во капелата, која подразбира чување на покојникот во ладилник, изложување на одорот за вршење верски обреди и сл. Висината на надоместокот е 2.000 ден од погреб.

Инаку, за потребите на градската капела, Општина Делчево набави и соодветна опрема и инвентар, а наредниот период хортикултурно ќе се уредува просторот околу објектот, а ќе се изгради и паркинг-простор за лесни возила.

Изградбата на градската капела е инвестиција на Општина Делчево, вредна 7 милиони денари со вклучен ДДВ.

# Нови линии за улично осветлување

Актуелности



Деновиве заврши инсталацијата на нова линија за улично осветлување на излезот од Делчево кон градските гробишта. Станува збор за линија долга околу 1 км која води од населбата Расадник кон градските гробишта при што Општина Делчево инвестираше во броило, канделабри и нова линија.

Новата линија е само една од инвестициите во ново улично осветлување во Делчево и селата која се реализира интензивно последниве три години, а со цел да се подобрат условите за живот и безбедноста на граѓаните, градот и населените места да бидат соодветно осветлени, но и законска обврска на општината која се сервисира редовно.

Претходно, нови линии за улично осветлување добија Димовско Маало во с. Драмче и населбата Студена Чешма во с. Очипала и с. Полето. Зголемен број на канделабри, односно улични светилки се поставени на барање на жителите и во населбите Стрелиште, Таушанско Маало, 1 Реон, 3 Реон, нас. Расадник, нас. Басарица, Милково Брдо, Ново Делчево, с. Габрово и дел до регионалниот пат до Делчево, с. Ѕвегор и Ѕвегорска Река, с. Вирче, с. Град, с. Трaботивиште, с. Стамер и с. Разловци. Дополнителни рефлектори се поставени и на пешачкиот мост.

ДЕЛЧЕВО
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Акција за почисто и поубаво Делчево



На иницијатива на градоначалникот Горан Трајковски се реализираше акција за почисто и поубаво Делчево во која се вклучија вработени од Општина Делчево и претставници од институции со голема поддршка од вработени и механизација од ЈКП "Брегалница" и ТППЕ Делчево.

Во рамките на акцијата беше исчистена дивата депонија кај ендекот Грозданец, а целта на акцијата е да се испрати порака дека грижата за животната средина значи грижа за нашето здравје и секој одговорен поединец треба да даде личен придонес во борбата со дивите депонии.

Градоначалникот Трајковски истакна дека оваа акција е продолжување на кампањата "За поубаво Делчево" со која изминативе два месеци заедно со волонтерите од градот се чистеа и уредуваа јавните површини и се санираше урбаната опрема.

-Јавната свест за чиста животна средина треба да нѐ мотивира сите, бидејќи верувам дека секој поединец сака да живее во уреден и чист град. Да се откажеме од лошите навики, сами да создаваме депонии, на ѓубрето местото му е во контејнерот, рече Трајковски.

Изминатиов период во Делчево беше извршено чистење на мостовите, бојадисување на оградите, а во пресрет на Денот на Востанието, екипи на ЈКП Брегалница го исчистија и споменикот на паднатите борци.

# Делчево изработува стратегија за ЛЕР 2021-2025

Актуелности



Областите инфраструктура и животна средина, туризам и култура,образование и спорт, здравствена и социјална заштита, како и јакнење на капацитетите на општинската администрација се областите на кои ќе се заснова новата Стратегија за ЛЕР на Општина Делчево за периодот 2021-2025 г, а која Општина Делчево ја работи во партнерство со Регионалниот центар за застапување од Делчево.

На работилницата на која партиципираа претставници од Општината, од институции од областа на културата, како и од граѓанскиот сектор и бизнис-заедницата, се дефинираа областите во кои ќе се интензивираат активностите во наредниот период.

Како што информираше Родне Деолска од Регионалниот центар за застапување, изминатиот период се работеше на прибирање информации за општината, за да се формира базата на документот со сите најнови информации.

– Со изработката на стратегијата за локален економски развој за Општина Делчево ќе се креираат мерки и активности за подобрување на локалниот економски развој базирани врз консензус на локалната власт, граѓанските здруженија и сите заинтересирани страни. Целта на денешната работилница е присутните да ги кажат своите предлози, кои ќе бидат дел од овој стратешки документ кој е важен за секоја општина, рече Деолска.

Во стратешкиот документ преку партиципативен пристап се одредуваат приоритетните области со визијата и мисијата на општината.

– Документот е еден вид устав за општините кој ќе ги содржи сите активности кои ќе ги реализира општината. Исто така, предвидена е компонента за јакнење на капацитетите на општинската администрација која ќе се обучува за трендовите на Европската Унија во делот на апроксимација на домашното законодавство, рече Тони Стоименовски советник на ЛЕР во Општина Делчево.

Проектот започна со реализација во месец март 2020 година и е со времетраење до крајот на оваа година. Вкупниот буџет е обезбеден од Буџетот на Општина Делчево преку Јавниот повик за финансирање граѓански организации.

Во наредниот период, ќе биде изработена драфт– верзија на документот кој ќе биде ставен на јавна расправа, по што ќе следува усвојување на документот од Советот на Општина Делчево.

Актуелности

# Општина Делчево во групата општини со најдобра буџетска транспарентност

Во документот за јавни политики изработен од ЦЕА и согласно со индексот на буџетска транспарентност, Општина Делчево се наоѓа во првите топ 12 општини со индексни поени за буџетска транспарентност од 13, заедно со општините Аеродром, Центар, Илинден, Кавадарци, Зрновци и Кочани, додека зад градот Скопје и Прилеп заостанува со три индексни поени.

Во студијата на ЦЕА е потенцирано дека фискалната транспарентност на општините во РСМ е, генерално, подобрена во фискалната 2019-2020 година во однос на изминатите фискални години (2014-2015, 2016-2017, 2017-2018). Според индексот на достапност на буџетските документи, во фискалната 2019-2020 година, единиците на локална самоуправа Прилеп и Град Скопје ги имаат максималните бодови на буџетска транспарентност. Тие се првите две единици на локална самоуправа кои се целосно транспарентни во поглед на фискалната транспарентност во периодот од 2014 – 2020 година.

Од аспект на планските региони, подобрување на буџетската транспарентност на регионално ниво има во сите региони освен во Југоисточниот регион каде има уназадување на просечниот регионален индекс на буџетска транспарентност што укажува дека општините од овој регион помалку се отворени кон граѓаните. Општините од Источниот регион, се најтранспарентни на регионално ниво споредено со другите региони.

| Топ 12 најтранспарентни ЕЛС во РСМ | Индексни поени |
|---|---|
| Град Скопје | 16 |
| Прилеп | 16 |
| Велес | 15 |
| Битола | 14 |
| Берово | 14 |
| Аеродром | 13 |
| Илинден | 13 |
| Центар | 13 |
| Кавадарци | 13 |
| Делчево | 13 |
| Зрновци | 13 |
| Кочани | 13 |

# Првиот училишен ден без проблеми во делчевските училишта

Актуелности



Првиот училишен ден од новата учебна година 2020/21 започна без проблеми во трите образовни институции за 1461 ученик во Делчево. Со примена на сите протоколи за заштита од ковид-19, на 1 октомври делчевските училишта ги отворија вратите за 425 ученици кои наставата ќе ја следат со физичко присуство, додека останатите наставата ќе ја следат со далечинско учење.

Во ООУ „Св. Климент Охридски" годинава во прво одделение се запишани 64 ученици, а настава со физичко присуство за одделенијата од 1 до 3, следат вкупно 122 ученици во централното училиште и 120 ученици во подрачните училишта. Со далечнско учење се опфатени 276 и 8 ученици од посебните паралеки од 5-9 одделение.

Во ООУ „Ванчо Прке" годинава има 43 првачиња, додека вкупно настава со физичко присуство од 1 до 3 одделение следат 160 ученици во централното училиште и 23 ученици во подрачните училишта во Ѕвегор и Габрово.  Онлајн настава следат 349 ученици.

Првиот ден од учебната година со далечинско учење започна без проблеми и за делчевските средношколци. Годинава во СОУ „М. М, Брицо" онлајн настава следат 403  ученици.

Честитка по повод почетокот на новата учебна година испрати градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски. Тој истакна дека колку побрзо ја прифатиме новата нормалност во која живееме и работиме и колку искрено сите се вложуваме во образовниот процес, било да се одвива онлајн или со физичко присуство, толку побрзо ќе стигнеме до резултатите.

–Во доста специфични услови, денеска започнува новата учебна година. Како никогаш досега, соочени сме да обезбедиме безбеден по здравјето образовен процес и за сите ученици и за сите наставници. Затоа, треба да сме одговорни, дисциплинирани, да ги почитуваме препораките и да вложиме напори, сите заедно да го направиме овој процес успешен, бидејќи образованието е важно и за него нема алтернатива, тоа ви го трасира патот кон вашата иднина, истакна Трајковски.

Актуелности

# Градоначалникот Трајковски во посета на образовните институции



Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, ги посети трите образовни институции во градот со цел да се запознае со организираноста и функционалноста на училиштата во првата недела од почетокот на учебната 2020/21 година.

Во текот на посетата и за време на средбите со директорите на училиштата се разговараше за реализацијата на онлајн-наставата, предизвиците со кои се соочуваат училиштата, но и за наставата со физичко присуство и почитувањето на алгоритмите и постапката за евентуална изолација на заболен ученик.

Градоначалникот Трајковски изрази задоволство од организираноста на училиштата, навремената подготовка на наставниот кадар за користење на апликациите за изведување онлајн настава, како и од примената на протоколите за изведување настава со физичко присуство.

– Училиштата мора да бидат подготвени и да постапуваат согласно насоките добиени од МОН и здравствените власти. Како Општина правиме сѐ што можеме за да обезбедиме непречен и безбеден воспитно -образовен процес. Засега, наставата во Делчево се одвива без поголеми проблеми и сите проеблеми кои се јавуваат од техничка природа, се решаваат навремено. Сепак, бидејќи се работи за здравствена криза и пандемија која се заканува на здравјето на секој поединец, уште еднаш ги повикувам и наставниците и учениците и родителите крајно сериозно да ги сфатат

# Доделени таблети за онлајн настава во делчевските деветолетки



Во ООУ „Ванчо Прке“ и во ООУ „Св.Климент Охридски“ дваесет ученици кои следат онлајн- настава и спаѓаат во маргинализираните групи и Роми, добија таблети во рамки на втората фаза од проектот „Поддршка во време на ковид-19 за маргинизираните групи и Роми“. Таблетите се обезбедени од Невладината организација „Тернипе“ МК која го реализираше проектот со финансиска поддршка од Владата, во чии рамки во Делчево се доделени вкупно 45 таблети со 10 гб интернет.

Во образовните институции во Делчево, изминатиов период во партнерство на Општина Делчево со нво-секторот се доделени околу 70 таблети на ученици кои живеат во социјален ризик.

# „Учители ви благодариме“

Актуелности






Со пораката „учители ви благодариме“ учениците од прво и второ одделение од ООУ „Ванчо Прке“ им го честитаа на наставниците Меѓународниот ден на учителот, 5 Октомври.

Низ детски песни и игра во училишниот двор и многу насмевки, но и со почитување на протоколите, учениците им се заблагодарија на благородната дејност на учителите од ова училиште, каде настава со физичко присуство следат 160 ученици, а 23 ученици во подрачните училишта.

По повод Меѓународниот ден на учителот, заменик-директорката на ООУ „Ванчо Прке“, Маријана Стоименовска истакна дека актуелната пандемија донесе нови предизвици за учителите.

„Нашата професија нѐ научила да бидеме во чекор со современите текови, но и да ги сочуваме достоинството, искуството и работата, да се соочиме со сѐ што значи промена. Оживотворувањето на воспитно–образовниот процес е нашата примарна цел. Одлуките кои ги носи МОН, како и новиот тип на настава со далечинско учење, го совладуваме и заедно со нашите ученици имаме успешна интернет – комуникација. Најмногу сме им благодарни на нашите ученици кои уште на почетокот на учебната година сфатија дека учењето и знаењето е нивната светлина во тунелот од кој сакаме да излеземе како морални победници. Да го зачуваме нашето здравје и да бидеме одговорни кон задачите и новите наставни содржини, истакна Стоименовска.

Во чест на денешниот ден, градоначалникот Трајковски испрати честитка до сите просветни работници потенцирајќи го огромното значење на професијата учител.

-Овој 5 Октомври е посебен, а тековната учебна година е вистински предизвик за секој просветен работник. Почитувани колеги, наставници, професори, вашата благородна и хумана дејност, вашата професија која оплеменува и им ги отвора вратите во животот на учениците, е незаменлива. Вложете се во процесот максимално и резултатите ќе бидат видливи, рече Трајковски.

Соодветен настан по повод Меѓународниот ден на учителот беше организиран и во ООУ „Св.Климент Охридски“.

Актуелности

# Нема ширење на вирусот во детската градинка




Негативни на ковид се резултатите на тестираните негователки и вработени во кујната во детската градинка „Весели цветови“ во Делчево. Вонредното тестирање на вработените беше иницирано од појавата на првите случаи позитивни на коронавирус кај тројца вработени, двајца кувари и една негователка.
Како што истакна директорката на ОЈУДГ „Весели цветови“, Билјана Симовска, тројцата вработени веднаш се изолирани, а изворот на заразата е надвор од градинката.
-Веднаш се изолирани вработените и се преземени сите мерки за спречување на ширење на заразата. Позитивните случаи не доаѓаат од внатре. Во меѓувреме, излегоа наодите и на останатиот персонал којшто беше тестиран, и тие се негативни. Сега за сега имаме еден готвач, еден помошник готвач, една негователка и група од 12 дечиња, кои се изолирани, рече Симовска.
Симовска додаде дека работата на градинката продолжува, согласно со сите протоколи кои ги налага ваквата ситуација.
-Во време на светска пандемија, предизвикот да раководиш со ваква установа е, навистина, преголем и сакам да упатам јавна благодарност до сите мои вработени, до сите родители и до сите кои се вклучени во движењето на овој систем од предучилишно воспитание и образование. Никој не знае дали го носи вирусот и дали може да добие нешто од тоа, меѓутоа, потребно е да бидеме сите одговорни , додаде Симовска.
Освен протоколите од Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заразни болести, во насока на поголема заштита од вирусот, градинката има изготвено и посебни протоколи, со цел спречување на ширење на заразата од Ковид-19 и безбеден престој на децата во градинката.

# Старата градинка во функција на згрижување деца од претшколска возраст



Старата градинка во Делчево ги отвори вратите за 60 дечиња згрижени во детската градинка „Весели цветови“ кои се распределени во три возрасни групи. Со ставањето во функција на овие простории во насока на згрижување на децата од најмала возраст, ќе се намали листата на чекање за прием на дечињата во градинката, а ќе се овозможи и прием на сите дечиња со двајца вработени родители согласно со протоколот за работа на градинките во време на ковид-19.

Градоначалникот Горан Трајковски ја посети градинката и истакна дека се вложуваат максимални напори за поголем опфат на децата од претшколска возраст.

– Ставањето во функција на овој објект во насока на згрижување на дечиња од претшколска возраст ќе овозможи во услови на пандемија да имаме поголем опфат на дечиња и со строго почитување на протоколите и од вработените и од родителите, ќе се овозможи безбеден престој на дечињата и реализација на воспитно-образовната програма во претшколска возраст. Во изминатите години овие простории ги користеше ООУ „Св.Климент Охридски“ и заради потребите на градинката и згрижувањето на повеќе дечиња во услови на ковид, тие се преостапени на детската градинка со што ќе им се овозможи директно и на родителите да одат на работа, а фирмите да немаат отсуства на своите вработени поради таа причина, рече Трајковски.

Изминатиот период интензивно се работеше за преадаптација на просториите и нивното ставање во функција на згрижување дечиња од претшколска возраст.

– Со години наназад листата на чекање се зголемуваше и сега изнесува 119 дечиња. Сакам да изразам благодарност до градоначалникот и до сите оние кои вложија напори овие простории да се вратат на градинката и да излеземе во пресрет на родителите и да направиме поголем опфат на децата од претшколска возраст и во урбаните и во руралните средини што е и насока и стратегија од МТСП, рече директорката Биљана Симовска.

Во насока на зголемување на опфатот на деца од претшколска возраст, Општина Делчево и МТСП инвестираат во отворање градинка во с. Разловци, каде деновиве се очекува да започнат и градежните работи за преадаптација на простории во подрачното училиште за опфат на 20 дечиња од ова село, а во тек е и тендерската постапка за изработка на основна проектна документација за изградба на градинка во населбата Расадник во Делчево.

Актуелности

Актуелности

# Кампања „Брзината убива-вози одговорно“



Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево во соработка со сообраќајната полиција од Полициската станица од општа наделжност во Делчево од 09.10.2020 година ја започна кампања „Брзината убива-вози одговорно“. Кампањата се спроведува со цел да се зголеми јавната свест на учесниците во сообраќајот за последиците од неодговорното учество во сообраќајот и намалување на бројот на сообраќајни незгоди на подрачјето на Општина Делчево.

Во рамките на кампањата се предвидени чести контроли на возачите и брзината на движење на возилата на влезот и излезот од градот Делчево, но и на фреквентните улици „Маршал Тито“ и „Кеј на Брегалница“ каде покрај редовната контрола, на возачите им се делеа едукативни материјали. Локациите на кои се реализираше кампањата се делници од улици и патишта каде во изминатите 5 години се имаат случено сообраќајни незгоди и каде има реакции од страна на жителите за непочитување на ограничувањето на брзината на движење.

Оваа кампања е предвидена во Годишната програма на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2020 година, а едукативниот материјал е обезбеден од страна на Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Делчево го одбележа Денот на Востанието



Со пригодна свеченост, Општина Делчево одбележа 79 години од почетокот на антифашистичкото Востание, 11 Октомври. По тој повод, делегација на Општина Делчево предводена од градоначалникот Горан Трајковски, претставници од Советот на Општина Делчево и претседателот Драган Маневски, како и претставници од институции, политички партии, здруженија на граѓани и физички лица, се поклонија и свежо цвеќе положија на споменикот на паднатите борци во центарот на градот.
Во рамките на одбележувањето членовите на КУД „Гоце Делчев“ преку реферат потсетија на приликите кои претходеа на Востанието, начинот на кој беше реализиран првиот вооружен напад во Прилеп и во Куманово, но се осврнаа и на значењето на Востанието како важен момент во борбата за самостојност на македонскиот народ.

# Во Делчево одбележан денот на македонската револуционерна борба



По повод Денот на македонската револуционерна борба, 23 Октомври, Општина Делчево организираше пригодна свеченост која се одржа пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на градот. Во рамките на одбележувањето, за значењето на овој празник, членовите од КУД „Гоце Делчев“ од Делчево подготвија пригоден реферат, а пред споменикот на Гоце Делчев се поклонија и букети свежо цвеќе положија делегација од Општина Делчево и од Советот на Општина Делчево, како и претставници од институции, политички партии и здруженија на граѓани.

# Библиотека

Култура



По повод месец на книгата, октомври, ЈЛБ „Илинден“ организираше изложба на дела од роднокрајни автори во која беа застапени вкупно 76 наслови од 31 роднокраен автор. Како што истакна директорката на библиотеката, Билјана Петровска, целта на оваа изложба е популаризација на роднокрајните автори.

-Делчево има автори со кои треба да се гордее. Во услови на оваа пандемија не сме во можност да организираме поголеми настани, затоа се одлучивме за изложба во која ќе ги поместиме позначајните дела на роднокрајните автори кои заслужуваат внимание, воедно давајќи афирмација на делата од роднокрајните автори, истакна Петровска.

Таа додаде дека изложбата е отворена во читалната до 1 ноември.

Исто така по повод месецот на книгата, библиотеката расписа конкурс за поезија на тема „Моќта на книгата во ова денешно време невреме“. Конкурсот трае до 1 ноември, а право на учество имаат сите ученици до 9 одделение.

ДЕЛ ЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**
**Уредник: Даниела Такева**
**Техничка обработка: Влатко Мицевски**
**Соработник: Благица Петровска**
**Фотографија: Општина Делчево**
**Лектор: Даниела Такева**

**Инфо Делчево на web:**
**delcevo.gov.mk**